РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-2135/2
01.09 2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] од [redacted], со број 10-2135/1 од 26.08.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted] од [redacted] заверено под број 10-2135/1 од 26.08.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted] од [redacted], преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 26.08.2025 година заверено под број 10-2135/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација за патниот правец А3 во Ресен ул. „Корчуланска“ како се движви дозволената брзина, и од кога има промени на истиот патен правец (доколку ги има). Информацијата ја бара на тој начин што ќе биди опишано во пресек ОД-ДО.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека при добиениот одговор од Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка магистралната улица „Корчуланска“ која претставуваа дел од патниот правец А3, Ве известуваме дека Општина Ресен нема изработено сообраќајна проектна документација врз која би се утврдил решимот на собраќај на предметната сообраќајница. Согласно претходно наведеното не можиме да Ви доставиме никакви информации кои се однесуваат на собраќајната сигнализација, односно за дозволената брзина на движење. Сообраќајот на редметната улица или поконкретно дозволената брзина на движење се одвива согласно сега поставената сообраќајна сигнализација на самото место.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
ПРЕСПА
РЕСЕН